**Година 2004, декември, број 34**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

---

## ТРИ ГОДИНИ ИНФОРМАТОР

Пред три години се појави првиот број на факултетскиот информатор. Тогаш се обративме со следниов текст:

*"Ова е скромен обид да видиме дали ваков информатор му недостига на МФС. Засега се одлучивме да го издаваме еднаш месечно, последниот четврток и по потреба. Формата, содржините и се друго е слободно. Затоа се добредојдени сите забелешки, идеи сугестии. Особено се добредојдени инвентивни соработници. Содржината на информаторот ќе биде непрекинато поставена и на интернет страната на МФС. Да си посакаме среќа."*

Низ досегашните објавени 34 броеви од информаторот се трудевме да Ве информираме за сите активностите поврзани со работењето на МФС. Се надеваме дека целта е постигната, а поканата за соработка и понатаму е актуелна. Овој роденденски број е со поголем број на страни поради прославата на јубилејот на факултетот, а на размислување сме информаторов да добие целосен нов облик и дизајн. Но за тоа во новата година, а дотогаш пријатни новогодишни и божиќни празици и да си посакаме успешна нова година!



***Среќен јубилеј, празници и повторно да си посакаме среќа!***

# ПРОСЛАВА НА 45 ГОДИНИ ОД ПОСТОЕЊЕ НА МФС

Минатата недела се прослави јубилејот 45 години од основањето на МФС и ЕТФ. Прославата беше заедно со ЕТФ, а активностите се одвиваа според заедничка програма. Програмата за прослава започна на 13.12.2004 со одигрување на спортските ревијални наптревари меѓу ЕТФ и МФС. При тоа севкупен победник беше МФС со следниве резултати:

| | | |
|---|---|---|
| - фудбал (вработени) | МФ : ЕТФ | **1:0** |
| - фудбал (студенти) | МФ : ЕТФ | **10:4** |
| - кошарка (студенти) | МФ : ЕТФ | **54:51** |
| - пинг понг (вработени) | МФ : ЕТФ | **4:1** |
| - пинг понг (студенти) | МФ : ЕТФ | **5:0** |

Следниот ден, 14.12.2004 беше организирана забава за студентите и вработените во дискотеката "Колосеум". Забавата започна во 22 часот и посетеноста од страна на студентите беше задоволителна. Вработените изгледа повеќе преферираат друг тип на забава.

Свечната академија по повод јубилејот се одржа на 15.12.2004 во Домот на АРМ. Академијата ја отвори академскиот хор "Мирче Ацев" по што следеше текст околу историјатот, развојот и перспективите на факултетите. Во позадина одеше пригодно подготвена презентација.




Потоа следеше обраќање на деканот на МФС, проф. д-р Милан Ќосевски, деканот на ЕТФ, проф. д-р Вангел Фуштиќ, на заменик Министерот за образование и наука проф. д-р Тале Герамитчиески, на Ректорот на Универзитетот, проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски и претставници на студентите од двата факултети. Посебно впечатлив говор имаше претставникот на студентите од МФС, Бисера Кајмаковска, чии говор на барање на повеќе наши колеги ќе Ви го презентираме во интегрален облик. Академијата продолжи со прекрасниот настап на Камерен гудачки оркестар "Солисти на ФМУ" со програма од творечкиот опус на Вивалди, Соркочевиќ и Шуплевски, под диригентсво на проф. Велко Тодевски.



Меѓу многубројните гости на академијата присуствуваа и претседателот на Р. Македонија Бранко Црвенковски (кој им се обрати на присутните надвор од протоколот), премиерот Владо Бучковски, потпредседателката на Владата Радмила Шекеринска, декани и продекани на факултети, директори и преставници од стопанството и останати. Водетили беа студенти од ФДУ. Академијата заврши со коктел.



Прославата на јубелојот финалзираше со свечена вечера за вработените во хотелот "Александар Палас". Вечерата се одвиваше во пријатна и спонтана атмосфера (со музичка подлога од групата Боеми) во која за момент ги оставивме нашите секојдневни работни обврски и проблеми и посветивме повеќе време на меѓусебното дружење.

Четириесет и пет годишнината нека ни биде мотив за работа и постигнување на уште поголеми успеси за следниот јублеј кога ќе славиме половина век од постоењето.

## ОБРАЌАЊЕ НА ДЕКАНОТ НА МФС



*Почитувани претставници на Министерството за образование и наука, предводени од Проф. д-р Тале Герамитчиоски, заменик на Министерот, почитувани претставници на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј", предводени од ректорот Проф. Д-р Ѓорѓи Мартиновски, почитувани декани, професори, соработници, стопанственици, драги студенти, дами и господа.*

*Ве поздравувам и Ви се заблагодарувам за присуството во овие моменти кога Машинскиот факултет заедно со Електротехнички факултет одбележува уште еден чекор во подемот на инженерската мисла и активност во Република Македонија.*

*Оваа годишнина е еден од моментите кога во виорот на секојдневните обврски сепак наоѓаме време да видиме од каде тргнале нашите претходници и кој е нашиот натамошен пат. Ова е еден од момен-тите кога се потсетуваме каква визија и волја имале, колкава енергија и самопрегор вложиле оние што одамна ги поставиле основите на машинството на овие простори. Ова е еден од моментите кога постануваме уште посвесни за големата одговорност да сториме уште најмалку толку, да исчекориме уште повеќе, да ги охрабриме оние што доаѓаат.*

*Токму затоа, вработените на Машинскиот факултет прават се што е во нивна моќ, потпрени на традицијата а свртени кон иднината да го внесат Факултетот подлабоко и посигурно во орбитата на европските и светските високобразовни институции. Таквата определба и работа го одржува Факултетот витален и во овие тешки транзициони времиња, кадарен да претставува јадро за трансфер на современите технологии, место каде што доживотно ќе се учи, академска средина во која со заинтересираност и надеж ќе влегуваат новите студенти. А, токму тие, студентите, се во центарот на нашето внимание. Тие се нашиот главен мотив, доказот на нашата работа, показател на нашите успеси. Тие се и гаранцијата дека во иднина на Факултетот нема да недостасуваат млади и способни кадри, дека наредните годишнини ќе бидат одбележани со нови се поголеми дострели.*

*Почитувани гости, колешки и колеги.*

*Сакам да го искажам верувањето и уверувањето на сите вработени и студенти на Машинскиот факултет дека без оглед на тоа дали моментно разиваме нови наставни планови, воведуваме ЕКТС, ги применуваме принципите на Болоњската декларација, изработуваме научни трудови, магистерски, докторски дисертации, работиме на домашни или меѓународни проекти, правиме сложени стручни анализи, развиваме патенти, работиме на развој на инкубаторски јадра, градиме нови објекти, опремуваме лаборатории или пак вежбаме задачи по математика, механика, правиме прототипови, се натпреваруваме, спортуваме или се забавуваме, сите ние тоа го правиме со целосна посветеност и безрезервно. Таквиот пристап секогаш давал резултати. Таквиот однос ќе продолжи да дава резултати и во иднина.*

*На крај уште еднаш ја искажувам најдлабоката почит на сите кои го понесоа клучниот товар во минатото, без оглед на тоа дали биле вработени на Факултетот или го подржувале и соработувале со него, изразувам благодарност на оние кои тоа го прават во денешнината и Ве поканувам заедно да чекориме во натамошниот развој.*

*Благодарам што бевте со нас и во овие свечени моменти.*



# ОБРАЌАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИКОТ НА СТУДЕНТИТЕ НА МФС



*Ако времето е фиктивна мерка создадена од човекот тогаш неостанува ништо повеќе од тука и сега, од мигот во кој постои само зборот, сликата и звукот. Но ако само за миг се појават чувствата тогаш ќе се појави сосема поинаков свет кој е поширок од погледот и побрз од времето.*

*Токму во овој миг верувам дека зад погледите се наоѓа светот во кој професотите и генерациите студенти се сеќаваат кога тие биле студенти. На крстопатот на младешкиот живот, кога од дете со соништа треба да се стане возрасен човек соочен со реалноста, на една од вратите покрај името и презимето добивате и индекс број. Гордоста е тогаш недостижна и се надевате дека ќе евалуирате сами, но во корист на светот. Тогаш верувате во идеали, верувате дека ќе направите нешто повеќе од врсниците и од родителите, дека ќе останете забележан. И ден денес по 45 години тоа не е променето. Идеалите ваши и желбата да се направи нешто повеќе ни овозможија нам младите, новите генерации да достигнуваме врвни резултати во разни области во и вон границите на државава, комуникација со светот секојдневна поддржани од вашиот совет, искуството и професионализмот, разбирајќи ги нашите потреби за поголема мобилност и секако забавата и спортот. Со еден збор: сето она што му е потребно на еден млад човек да се чувствува како студент и личност.*

*А иднината е во развојот на индустријата, односно работата. Соработката не завршува со завршувањето на факултетот бидејќи за индустријата најважни се: знаењето, практиката, човечноста, идејата и желбата. Кога ќе се спојат знаењето и практиката се добива мудроста, а идејата и желбата-младоста. Мудроста и младоста го сочинуваат човештвото, а човештвото во мигот ја гради иднината.*

*Благодарам и честитки од името на генерациите што Ве следат!*

(Бисера Кајмаковска, студент на МФС)

## НОВА ИНТЕРНЕТ УЧИЛНИЦА

На ден 10.12.2004 свечено беше пуштена во употреба новата интернет училна која е лоцирана до библиотеката и е заедничка за студентите на ЕТФ и МФС. Училната располага со 12 работни места.



## НАПРЕВАР ИНОМАК

Свеченото доделување на наградите на натпреварот ИНОМАК во организација на GTZ Проект за трансфер на технологија, ЦИРКО и ЦИПОЗ се одржа на 16.12.2004 година во просториите на Клубот на пратеници. Беа наградени три проекти изработени од студентите на МФС и ЦИРКО со следните наслови:

- Нов концепт на дистрибутивна услуга e-MakShop;
- Дизајн, изработка и продажба на автомобил роадстер;
- Мултифункционално дидактичко средство;

Притоа проектот "Мултифункционално дидактичко средство" го освои првото место.









## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Ристо Цицонков, во период од 30.11 до 03.12.2004 оствари службено патување во Белград, заради учество на меѓународниот конгрес КГХ за климатизација, греење и ладење каде се претстави со два труда.

2. Доц. д-р Радмил Поленаковиќ, на 3 и 4.12.2004 оствари службено патување во Германија, заради учество на работилницата за промоција на претприемничко размислување кај студентите во организација на Германската ректорска конференција.

3. Проф. д-р Јован Лазарев и доц. д-р Атанас Кочов, во период од 13 до 18. 12.2004 реализираа службено патување во Словенија, заради подготовки за реализација на проектот "Примена на метални матрични композитни материјали за изработка на алати за обработка со деформација", во кој учесници се наставници од МФС и од Машинскиот факултет од Љубљана.

4. Проф. д-р Делчо Јованоски, на 17 и 18.12.2004 оствари службено патување во Бугарија каде што имаше излагање на Техничкиот универзитет во Софија.

5. Проф. д-р Александар Мојсовски, во период од 15 до 20.12.2004, оствари службено патување во Германија, со цел посета на саем во Франкфурт.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**23.12.2004**
**3 СЕДНИЦА НА ННС**

**30.12.2004**
**СВЕЧЕН КОКТЕЛ ПО ПОВОД НОВОГОДИШНИТЕ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ**

**10.01.2005**
**ПРВ РАБОТЕН ДЕН ВО НОВАТА ГОДИНА**

**27.01.2005**
**4 СЕДНИЦА НА ННС**

**Техничко уредување:**

*Тони Манџуковски*
*Борис Рошков*